РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број: / Numer: 0201-1054/15
12.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од продолжение на 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 04.03.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска.

**Други присутни:/**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 19:15 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека на седницата ќе се разгледува потточка од Точка 4 – Предлог за одземање на дозволата за радио емитување, бр.08-105 од 07.09.2023г. на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево.

Г-дин Трајчевски предложи, бидејќи Агенцијата и Советот постапуваат на еднаков начин спрема сите радиодифузери, доколку РА УСКАНА-ПЛУС успее во текот на утрешниот ден да ја одблокира сметката во соработка со ЗАМП, и доколку ја плати фактурата на Агенцијата, Советот истиот ден да одржи седница за да се донесе одлука со која ќе му се врати дозволата.

Г-дин Петрушевски се согласи со предлогот, и рече дека ќе се направат максимални напори за да му се врати дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одзема дозволата за радио емитување, бр.08-105 од 07.09.2023г. на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, поради неплатен годишен надоместок за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на ф-ра бр.2024-100-0058 од 11.01.2024г. (наш арх.бр.0503-227/1 од 11.01.2024г.).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка Разно**

Г-дин Петрушевски објасни дека има една позитивна вест, ТВ Шутел успеал да ја плати фактурата за годишниот надоместок за дозволата. Во таа насока се предлага Советот да донесе Одлука со која се поништува Одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Г-дин Трајчевски објасни дека радиодифузерот и во петокот ги уплатил парите на сметка на Агенцијата, но не беа уплатени од неговата сметка туку од друга фирма во негово име. Бидејќи следните два дена беше викенд, и не можеше да оствари уплата во сабота и недела, утрово во договор со ЗАМП му е одблокирана сметката и во првата половина од денешниот ден средствата беа уплатени во целост од сметката на радиодифузерот. Со оглед на тоа што Одлуката за одземање сѐ уште не е објавена во Службен весник на РСМ, бидејќи одлуката се донесе во петок во попладневните часови, се предлага да се донесе Одлука со која се поништува во целост Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.0803-56 од 04.03.2024 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се поништува во целост Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.0803-56 од 04.03.2024 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 година, поради тоа што радиодифузерот во целост ја исполни законската обврска за плаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, согласно издадената ф-ра бр.2024-100-0011 од 11.01.2024г. (наш арх.бр.0503-172/1 од 11.01.2024г.).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**